Република Македонија
Државна изборна комисија

# З А П И С Н И К
## ОД 100 –ТАТА СЕДНИЦА
## НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 30 АПРИЛ 2014 ГОДИНА

**ЗАПИСНИК**
**од стотата седница на Државната изборна комисија**

Стотата седница на Државната изборна комисија се одржа на ден 30 април 2014 година ( среда ) во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 14:45 часот.

На седницата присуствуваа:

| | |
|---|---|
| **Никола Рилкоски -** | Претседател на Државната изборна комисија |
| **М-р Субхи Јакупи-** | Потпретседател на Државната изборна комисија |
| **Влатко Сајкоски -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Сашо Срцев -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Анета Стефаноска -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Виолета Дума-** | Член на Државната изборна комисија |
| **Бедредин Ибраими-** | Член на Државната изборна комисија |
| **Биљана Стојановска-** | Генерален секретар на Државната изборна комисија |
| **Расим Мустафа -** | Зам.Генерален секретар на Државната изборна комисија. |

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Никола Рилкоски. Претседателот констатира дека е Комисијата во полн состав и може да работи и да одлучува полноважно.

За оваа седница е предложен следниот

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

**1. Објавување на конечни резултати за избор на Претседател на Република Македонија со Предлог Заклучок;**
**2. Разгледување и одлучување по приговорите за гласањето, сумирањето и утврдувањето на резултатите од гласањето на избор за претседател на Република Македонија ( втор круг) и предвремените парламентарни избори за пратеници во Собранието на Република Македонија на 27.04.2014 година, согласно член 148 од Изборниот законик, поднесени од овластените претставници на подносителите на листи;**
**3. Разгледување и одлучување по Барањето од Македонска Обединителна Реформска Опција-Централно Демократска Унија (МОРО-ЦДУ )заведено во ДИК под бр.10-1996/1 и по Известувањето на Народно движење за Македонија (НДМ) заведено во ДИК под бр.10-1997/1 од 28.04.2014 год. и Барањето на ВМРО-Народна партија заведено во ДИК под бр.09-2024/1 од 29.04.2014 година;**
**4. Разно.**

Се отвори расправа по вака предложениот дневен ред.

Никој не побара збор и предложениот дневниот ред е ставен на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на дневниот ред на 100 – тата Седница на ДИК.**

**Точка 1:**
**Објавување на конечни резултати за избор на Претседател на Република Македонија со Предлог Заклучок;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, ги објави конечните резултати за избор на Претседател на Република Македонија, 2014 година. Имајќи во предвид дека во зададениот рок од 48 часа никој од заинтересираните овластени

претставници за избор на Претседател не вложи приговор ДИК може да ги објави конечните резултати. На спроведените избори за избор на Претседател на Република Македонија ( втор круг ) на 27.04.2014 година Државната изборна комисија, врз основа на записниците од Општинските изборни комисии (Обрасци број 21а и 21 гс ) ги објавува конечните резултати:

Вкупен број на избирачи запишани во Избирачкиот список изнесува - 1.779.572
Вкупен број на избирачи кои гласале – 967.694
Процент на избирачи кои гласале – 54,38%

За кандидат за Претседател на Република Македонија, број на листа 1.ЃОРЃЕ ИВАНОВ (55 пратеници)

- добиени гласови - 534.910
- процент од избирачи кои гласале – 55,28%

За кандидат за Претседател на Република Македонија, број на листа 3.СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ (38 пратеници)

- добиени гласови - 398.077
- процент од избирачи кои гласале – 41,14%

На основа на ваквите податоци доставен е Предлог Заклучок во кој се констатирани ваквите состојби и врз основа на резултатите за Претседател на Република Македонија е избран Ѓорѓе Иванов предложен од 55 пратеници. Државната изборна комисија ќе издаде уверение на Ѓорѓе Иванов, избран за Претседател на Република Македонија. Овој Заклучок ќе се објави на ВЕБ страницата на Државната изборна комисија.

Се отвори расправа, никој не побара збор и Предлог Заклучокот за објавување на конечни резултати за избор на Претседател на Република Македонија е ставен на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Предлог Заклучокот за објавување на конечни резултати за избор на Претседател на Република Македонија.**

**Точка 2:**
**Разгледување и одлучување по приговорите за гласањето, сумирањето и утврдувањето на резултатите од гласањето на избор за претседател на Република Македонија ( втор круг) и предвремените парламентарни избори за пратеници во Собранието на Република Македонија на 27.04.2014 година, согласно член 148 од Изборниот законик, поднесени од овластените претставници на подносителите на листи;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека во зададениот рок според Изборниот законик во ДИК пристигнаа вкупно 12 приговори и тоа од политичката партија ДУИ – 2 приговори, од ГРОМ – 4 приговори и од ДПА – 6 приговори. Редоследот на разгледување на приговорите според Упатството на ДИК за начинот и постапката за решавање по приговори по член 148 и 149 од Изборниот законик ќе биде според времето на доставување на приговорите до ДИК. Ќе се води општа расправа по приговорите, а за секој посебно ќе се одлучува. Овластениот претставник ќе даде образложение по доставените приговори.

**Во првата група се двата Приговори поднесени од политичката партија Демократска унија за интеграција – ДУИ.**

**Овластениот претставник од политичката партија Демократска унија за интеграција – ДУИ,** кажа дека приговорите се поднесени поради неправилности во Изборната единица 7. Првиот приговор УП 1 10-1, се однесува за неправилности во ИЕ 7, Европа и Африка. Целиот изборен процес е спроведен спротивно одредбите од Изборниот законик. Нарушена е тајноста на гласањето, на денот на изборите голем број граѓани ги немало во Избирачкиот список и не можеле да го остварат своето избирачко право. Бара да се поништи гласањето во сите ИМ наведени во приговорот. Вториот приговор, УП 1 10-2, се однесува на ИЕ 7 ИМ 5001 Тирана, односно во приговорот е наведено дека во Република Албанија гласањето е извршено спротивно на Изборниот законик, Законот за престојувалиште и живеалиште и Законот за државјанство. Избирачкиот список е направен спротивно на одредбите на Изборниот законик поради тоа што гласачите од Тирана немаат живеалиште во Република Македонија за што и порано поднесувале приговори за избирачкиот список и барале да се поништи гласањето во ова избирачко место.

Се отвори расправа. За збор се јавија:

- Потпретседателот на ДИК, м-р Субхи Јакупи, за првиот приговор за гласачкото место Тирана, кажа дека е "веќе видено" сето тоа што го имавме порано при составување на Избирачкиот список за Тирана. ДИК донесе поинаква одлука, односно утврди дека во патните исправи на овие лица стои живеалиште кое не е во Република Македонија, но Управниот суд ги врати лицата во Избирачкиот список. Според него, гласањето е извршено спротивно на член 151 став 1 од ИЗ (го чита). За вториот приговор кажа дека одредбите од овој ИЗ се многу неприменливи и начинот на кој се одвиваат изборите во ДКП-та е неутврден. ДИК одигрува улога на ОИК за избори во ДКП. На сите Избирачки одбори со измените и дополнувањата на ИЗ претседатели се од редот на вработени во ДКП-та и сите претседатели работеле спротивно на ИЗ, односно не контактирале со ДИК, туку со МНР, така им било кажано. Тие треба да работат по насоките на ДИК, а не по насоките на МНР. Во ИЗ има најлоши одредби за избор на пратеници надвор од земјата. Смета поради ова дека е грубо прекршен ИЗ во Берн, Виена, Венеција, иако ДИК дозволи да се формира помошен Избирачки одбор, а според ИЗ предвидено е само едно ИМ. Невозможно беше 4000 пријавени избирачи да гласаат во едно ИМ, а тие кои после 19 часот се наоѓале во дворот на амбасадата им се овозможило да гласаат, но мнозина ја напуштиле редицата на чекање, а некои не биле пуштени ни во дворот на амбасадата. Ова била сликата на денот на гласањето. Се согласува дека овие одредби на ИЗ се неприменливи, но ДИК мора да се држи до ИЗ, а има и упатство за решавање по приговорите.Иако ДИК даде многу предлози да се изменат одредбите од ИЗ за гласање во дијаспората и да се обезбедат услови за гласање, не успеа во тоа.

- Влатко Сајкоски, Член на ДИК, кажа дека првенствено двата приговори немаат соодветна документација која е основен факт за да се расправа согласно Упатството за решавање по приговори. ДИК ги презема сите можни, дури и невозможни активности да се спроведат изборите во дијаспората. Имавме скратени рокови, излеговме во пресрет на сите кои поднесоа барање за гласање, сите уредни пријави беа прифатени и на сите им е одговорено по нивните барања. Можеби некаде имало приговор, но тоа било најверојатно поради тоа што тие лица не биле добро информирани. Што се однесува до гласањето во ДКП Тирана и Управен суд го потврди правото тие лица да бидат во ИС на тоа избирачко место. Според него, двата приговори на ДУИ треба да бидат одбиени.

- Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кажа дека гласачите од Пустец беа тема уште од првиот круг на овие избори. Според него, ова е пресудена работа, но за жал подносителот на овој приговор сака да прави политичка кампања за овие гласачи

од Пустец. Стварност е дека лицата од Пустец ги запишаа во ИС сите три партии кои го изгласаа ИЗ. Ова е политичка кампања во однос на запишувањето на овие избирачи. Ако ги гледаме резултатите во ДКП во ИЕ 7, треба да се признае дека убедливо победи ВМРО – ДПМНЕ. Сите гласови на другите партии да се соберат, дури и да се одбијат гласачите од Пустец, ВМРО – ДПМНЕ има повеќе гласови. Според него, приговорот е депласиран, пресудена работа од Управен суд, со полна верба ќе гласа против усвојување на овие приговори.

- Анета Стефановска, Член на ДИК, кажа дека ДИК успеа на нашите граѓани во странство да им овозможи да гласаат. Гласањето беше мирно, фер и демократско и заврши со добра оценка од ОБСЕ/ОДИХР за професионалноста на ДИК. За приговорот смета дека е непредметен, ДУИ се повикуваат на член 151 став 1 и 2, но има судска пресуда од страна на Управен суд. Се споменува нарушена тајност и други нерегуларности, но нема доказен материјал. Исто така, нема доказен материјал дека некои лица гласале двојно. Приговорот е само текстуален, нема доказен материјал, мирно и демократски завршија изборите. Сега е задача на ДИК да изнајде начин како на повисоко ниво да се спроведат изборите во дијаспората за понатаму.

- Сашо Срцев, Член на ДИК, кажа дека прво му честита на Ѓорѓе Иванов за победата. Што се однесува до приговорите го прочита член 147 став 3 од ИЗ. Приговорите по завршувањето на гласањето треба да се однесуваат на текот на постапката и сумирањето на резултатите што тука не е случај. Наместо тоа, се однесуваат на член 49 - а од ИЗ, за што ДУИ претходно поднесе две барања со идентична содржина. Овој приговор ДИК не треба да го уважи. Исто така, ни вториот приговор не е во согласност со член 147 став 3 - што треба да содржи приговорот.

- Виолета Дума, Член на ДИК, кажа дека двата приговори на ДУИ се однесуваат за избор на пратеник, а не за претседател. Во врска со првиот приговор, веќе е кажано и нема потреба да се злоупотребува во врска со гласачите од Пустец. Управен суд донесе одлука и ДИК ја испочитува. За вториот приговор, во ИЕ 7 го поддржува М-р Субхи Јакупи дека нема приложено докази, но факт е дека тој проблем ДИК го реши со помош од луѓе, а не со ново ИМ. Очигледно дека имало некои проблеми, но со овој приговор ништо нема да се реши. За ДИК е големо школо за во иднина да се изнајде решение за ова.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека е исцрпена дискусијата по овие приговори и ги стави на гласање.

Прво се гласаше по Приговорот за поништување на гласањето во ИМ 5001 – Тирана,во врска со членот 151 ставовите (1) и (2) од Изборниот законик.Кој е за овој Приговиор.

**1 Член на Државната изборна комисија ( м-р.Субхи Јакупи )се произнесе “ ЗА “ прифаќање на Приговорот за поништување на гласањето во ИМ 5001 – Тирана,во врска со членот 151 ставовите (1) и (2) од Изборниот законик, 4 Членови на Државната изборна комисија ( Влатко Сајкоски, Сашо Срцев, Анета Стефановска и Бедредин Ибраими ) се произнесоа “ ПРОТИВ “ прифаќање на Приговорот и 2 Членови на Државната изборна комисија ( Никола Рилкоски и Виолета Дума) се произнесоа “ВОЗДРЖАНИ“.**

**Се констатира дека не е прифатен Приговорот за поништување на гласањето во ИМ 5001 – Тирана, во врска со членот 151 ставовите (1) и (2) од Изборниот законик.**

Потоа се гласаше за вториот Приговор за неправилностите во постапката на гласањето, односно нарушена тајноста на гласањето во ИЕ 7. Кој е за овој Приговор.

**1 Член на Државната изборна комисија ( м-р.Субхи Јакупи )се произнесе " ЗА " прифаќање на Приговорот за неправилностите во постапката на гласањето, односно нарушена тајноста на гласањето во ИЕ 7, а 6 Членови на Државната изборна комисија ( Никола Рилкоски, Влатко Сајкоски, Сашо Срцев, Анета Стефановска, Виолета Дума и Бедредин Ибраими ) се произнесоа " ПРОТИВ " прифаќање на Приговорот .**

**Се констатира дека не е прифатен Приговорот за за неправилностите во постапката на гласањето, односно нарушена тајноста на гласањето во ИЕ 7.**

**Во втората група се четирите Приговори поднесени од Коалицијата ГРОМ.**

**Овластениот претставник од Коалицијата ГРОМ,** даде детално образложение по поднесените Приговори. Сите четири Приговори се поднесени во законски рок по членот 151 а во врскасо членот 40 од Изборниот законик. Бараат да се усвојат Приговорите и да се поништи гласањето во наведените ИМ поради тоа што вкупниот број на запишани избирачи на тие ИМ влијае врз вкупните резултати. Генерално во сите приговори е нарушена тајноста на гласањето и овластениот претставника бара гласањето да се поништи.

Во Приговор УП 1 10-3 за ИМ 0374 –Општина Богданци,едно лице, кое било кандидат за пратеник, директно влијаело на вољата на гласачот од ромска националност, гласало за него иако се работи за лице кое можело само да ја искаже својата воља, што е спротивно на членот 112 од Изборниот законик. За овој настан своја забелешка дал овластен претставник од Коалицијата за подобра Македонија. Има доказ, Записник каде е евидентирана забелешката.

Во Приговор УП 1 10-4 за ИМ 0371 –Општина Богданци, едно лице гласало за друго лице и овластен претставник на Коалицијата Гром и член на ИО ставиле забелешка во Записникот и ова е евидентирано. По овој приговор бара ДИК да постапува по слушбена должност и да го поништи гласањето.

Во Приговор УП 1 10-5 за ИМ 0691 –Општина Кавадарци е направена повреда на тајноста на гласањето, едно лице се обидело да го земе со себе гласачкото ливче. За овој настан забелешка овластениот претставник на ГРОМ побарал да се стави во дневникот на настани а не била ставена и во записникот поради тоа што не дозволил претседателот на ИО.

Во Приговорот Приговор УП 1 10-6 за ИМ 0722 –Општина Росоман сликано е гласачко ливче и забелешка овластениот претставник на ГРОМ побарал да се стави во записникот но не дозволил претседателот на ИО.

За сите четири Приговори, иако ИО е должен да се грижи за законито спроведување на изборите, во овие случаи ИО не превземал дејствија за повредата на гласањето. Овластениот претставник предлага ДИК да ги усвои сите четири Приговори и да има прегласување во овие ИМ.

Се отвори расправа. За збор се јавија:

-Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кажа дека благодари на овластениот претставник на Коалицијата ГРОМ за убавото излагање. За жал не може во целост да се организираат фер и демократски избори. Тој верува во содржината на сите Приговори, но овие Приговори не се основ за поништување на гласањето во овие ИМ, но има основ за покренување на соодветни постапки за одговорност и на посочените лица и на претседателот на ИО.За Приговорот за ИМ 0374 нема

доволно докази и не го подржува овој приговор, а за другите ќе гласа "за" но не за поништување на гласањето туку за покренување на одговорност и за лицето каде е сликано гласачкото ливче и лицето кое сакало да го изнесе гласачкото ливче а кога не му успеало го отворил јавно и за претседателот на ИО.

-Влатко Сајкоски, Член на ДИК, даде свое мислење по секој од приговорите. Во Приговорот за ИМ 0691, нема докази. Во Приговорот за ИМ 0371- ако се погледнат лицата кои дале забелешки, ниту се овластени претставници ниту се членови на ИО. Во Приговорот за ИМ 0722 нема докази дека овластен претставник на ГРОМ барал да се внесе забелешка во записник , нема уредна забелешка и за ИМ 0374 овластен претставник од друга политичка партија дава сомнеж за писменоста на некој гласач. Ќе се изјасни против сите овие Приговори.

- Виолета Дума, Член на ДИК, кажа за ИМ 0722 приложениот доказ е напишан на рака и не може да го смета за веродостоен. За ИМ 0374 забелешка ставил претставник на Коалицијата за подобра Македонија. За ИМ 0691 нема докази а за ИМ 0371 дала забелешка овластен претставник на подносител на листа. Овие приговори не даваат сомнеж за да се поништи гласањето.

- Потпретседателот на ДИК, М-р.Субхи Јакупи, кажа за лицата кои го прекршиле Изборниот законик да се покрене постапка, но ДИК денес одлучива по приговорите. За постапките, односно ако има можност за покренување на прекршочна постапка, ќе одлучува друг ден. За им 0371 – ГРОМ не е овластен преставник. За ИМ 0722 нема доволно докази за да се усвои Приговорот. За ИМ 0374 треба да се покрене постапка против лице и за ИМ 0691 нема основ за овој Приговор.

- Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кажа дека се овие Приговори повод за индивидуална одговорност и тоа треба да се одвои.Службата ќе ја спроведе постапката и ќе утврди.Во однос на тајноста на гласањето, не е нарушена со ставање во ливчето во гласачката кутија. Нема нарушување на тајност но има лична одговорност.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека е исцрпена дискусијата, а за индивидуална одговорност посебно ќе се разговара. Ќе се гласа за секој Приговор поединечно.

Гласање за Приговорот за ИМ 0374 - Општина Богданци за поништување на гласањето во ова ИМ.Кој е "за" прифаќање на овој Приговор.

Никој од Членовите на Државната изборна комисија не е "ЗА" прифаќање на Приговорот за ИМ 0374 - Општина Богданци за поништување на гласањето во ова ИМ.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ПРОТИВ " прифаќање на Приговорот за ИМ 0374 - Општина Богданци за поништување на гласањето во ова ИМ.**

**Се констатира дека не е прифатен Приговорот за ИМ 0374 - Општина Богданци за поништување на гласањето во ова ИМ.**

Гласање за Приговорот за ИМ 0371 - Општина Богданци за поништување на гласањето во ова ИМ.Кој е "за" прифаќање на овој Приговор.

Никој од Членовите на Државната изборна комисија не е "ЗА" прифаќање на Приговорот за ИМ 0371 - Општина Богданци за поништување на гласањето во ова ИМ.

**6 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ПРОТИВ " прифаќање на Приговорот за ИМ 0371 - Општина Богданци за поништување на гласањето во ова ИМ и 1 Член на Државната изборна комисија ( М-р.Субхи Јакупи ) се произнесе "ВОЗДРЖАН ".**

**Се констатира дека не е прифатен Приговорот за ИМ 0371 - Општина Богданци за поништување на гласањето во ова ИМ.**

Гласање за Приговорот за ИМ 0722 - Општина Росоман за поништување на гласањето во ова ИМ.Кој е "за" прифаќање на овој Приговор.

Никој од Членовите на Државната изборна комисија не е "ЗА" прифаќање на Приговорот за ИМ 0722 - Општина Росоман за поништување на гласањето во ова ИМ.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ПРОТИВ " прифаќање на Приговорот за ИМ 0722 - Општина Росоман за поништување на гласањето во ова ИМ.**

**Се констатира дека не е прифатен Приговорот за ИМ 0722 - Општина Росоман за поништување на гласањето во ова ИМ.**

Гласање за Приговорот за ИМ 0691 - Општина Кавадарци за поништување на гласањето во ова ИМ.Кој е "за" прифаќање на овој Приговор.

Никој од Членовите на Државната изборна комисија не е "ЗА" прифаќање на Приговорот за ИМ 0691 - Општина Кавадарци за поништување на гласањето во ова ИМ.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ПРОТИВ " прифаќање на Приговорот за ИМ 0691 - Општина Кавадарци за поништување на гласањето во ова ИМ.**

**Се констатира дека не е прифатен Приговорот за ИМ 0691 - Општина Кавадарци за поништување на гласањето во ова ИМ.**

**Во третата група се шест Приговори поднесени од Демократската партија на Албанците- ДПА.**

**Овластениот претставник од ДПА,** кажа дека согласно членот 148 ставовите (1) и (2) а во врска со членот 151 од Изборниот законик ги поднесува овие приговори. Поднесува вкупно шест Приговори за 43 ИМ. За сите приговори ќе даде едно образложение. Нарушена е тајноста на гласањето, едно лице гласало за повеќе лица, семејно гласање цело семејство стоело позади параванот и член на семејство гласал за друг член на семејство. Исто така имало и агитација и притисок врз гласачите, непосредно се упатувани гласачите да се определат да гласаат само за парламентарни избори и тоа за кандидат на партијата кој ги бојкотира претседателските избори. На овластените претставници на ДПА не им било дозволено да стават свои забелешки во записникот од избирачките места.

Се отвори дискусија. За збор се јавија:

- Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кажа дека е општо позната работата дека и двата вида на избори се одвиваа со кампања и антикампања. Бојкотот почна во првиот круг за претседателски избори и продолжи и во вториот круг и за претседателски и за парламентарни избори. Чита делови од поднесениот Приговиор за ИМ во Липково и Извештајот од ОБСЕ/ОДИХР ( фусnota 25 ) дека имало антикампања во овие ИМ. При вакви докази дадени од ОБСЕ/ОДИХР дека имало агитација, притисок на граѓаните за изразување на слободната волја, прво да не гласаат за претседател, а друго имало заплашување, тој со полна верба ќе гласа за усвојување на овие приговори да се поништи гласањето во овие ИМ и да се повтори гласањето во овие ИМ
- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, кажа дека ќе дискутира за сите шест Приговори затоа што е ист основот. Согласно Изборниот законик членот 151 ставовите (1) и (2) бидејќи ДИК донесе Упатство за начинот и постапката за решавање по приговори во кое е точно наведено дека треба да има забелешка во записникот затоа што има претставници од политичките партии кои можат да дадат забелешка. После има и забелешка до ОИК ако нема забелешка во записникот на

ИО. Врз основа на Упатството ( точката 9 ) овие Приговори немаат основ. Што се однесува на Извештајот на ОБСЕ/ОДИХР точно е за ВЕПРО дека има претставка во врска со ВЕПРО и ВЕПРО не беше многу присутен во вториот круг и не е наведена во Извештајот од ОБСЕ/ОДИХР. Но, тешко е да се гласа кога има два вида на избори и ДИК донесе Упатство за гласање, како да се гласа. Има и дисбаланс во бројот на гласачи кои гласале за претседателски и бројот на гласачи кои гласале за парламентарни избори. Гласачот искажува волја. По нашето Упатство се гласало и нема основ за поништување на гласањето во овие ИМ.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека е исцрпена дискусијата. Ќе се гласа за секој Приговор поединечно.

Гласање за Приговорот за Општина Тетово за поништување и повторување на гласањето во ИМ во Општина Тетово.Кој е "за" прифаќање на овој Приговор.

**1 Член на Државната изборна комисија ( Бедредин Ибраими )се произнесе " ЗА " прифаќање на Приговорот за Општина Тетово за поништување и повторување на гласањето во ИМ во Општина Тетово, а 6 Членови на Државната изборна комисија ( Никола Рилкоски, М-р Субхи Јакупи, Влатко Сајкоски, Сашо Срцев, Анета Стефановска и Виолета Дума) се произнесоа " ПРОТИВ " прифаќање на Приговорот .**

**Се констатира дека не е прифатен Приговорот за Општина Тетово за поништување и повторување на гласањето во ИМ во Општина Тетово.**

Гласање за Приговорот за Општина Бутел за поништување и повторување на гласањето во ИМ во Општина Бутел.Кој е "за" прифаќање на овој Приговор.

**1 Член на Државната изборна комисија ( Бедредин Ибраими )се произнесе " ЗА " прифаќање на Приговорот за Општина Бутел за поништување и повторување на гласањето во ИМ во Општина Бутел, а 6 Членови на Државната изборна комисија ( Никола Рилкоски,М-р Субхи Јакупи, Влатко Сајкоски, Сашо Срцев, Анета Стефановска и Виолета Дума ) се произнесоа " ПРОТИВ " прифаќање на Приговорот .**

**Се констатира дека не е прифатен Приговорот за Општина Бутел за поништување и повторување на гласањето во ИМ во Општина Бутел.**

Гласање за Приговорот за Општина Липково за поништување и повторување на гласањето во ИМ во Општина Липково.Кој е "за" прифаќање на овој Приговор.

**1 Член на Државната изборна комисија ( Бедредин Ибраими )се произнесе " ЗА " прифаќање на Приговорот за Општина Липоково за поништување и повторување на гласањето во ИМ во Општина Липково, а 6 Членови на Државната изборна комисија ( Никола Рилкоски,М-р Субхи Јакупи, Влатко Сајкоски, Сашо Срцев, Анета Стефановска и Виолета Дума ) се произнесоа " ПРОТИВ " прифаќање на Приговорот .**

**Се констатира дека не е прифатен Приговорот за Општина Липково за поништување и повторување на гласањето во ИМ во Општина Липково.**

Гласање за Приговорот за Општина Кичево за поништување и повторување на гласањето во ИМ во Општина Кичево.Кој е "за" прифаќање на овој Приговор.

**1 Член на Државната изборна комисија ( Бедредин Ибраими )се произнесе " ЗА " прифаќање на Приговорот за Општина Кичево за поништување и повторување на гласањето во ИМ во Општина Кичево, а 6 Членови на Државната изборна комисија ( Никола Рилкоски, М-р Субхи Јакупи, Влатко Сајкоски, Сашо Срцев, Анета Стефановска и Виолета Дума ) се произнесоа " ПРОТИВ " прифаќање на Приговорот .**

**Се констатира дека не е прифатен Приговорот за Општина Кичево за поништување и повторување на гласањето во ИМ во Општина Кичево.**

Гласање за Приговорот за Општина Чучер Сандево за поништување и повторување на гласањето во ИМ во Општина Чучер Сандево.Кој е "за" прифаќање на овој Приговор.

**1 Член на Државната изборна комисија ( Бедредин Ибраими )се произнесе " ЗА " прифаќање на Приговорот за Општина Чучер Сандево за поништување и повторување на гласањето во ИМ во Општина Чучер Сандево, а 6 Членови на Државната изборна комисија ( Никола Рилкоски, М-р Субхи Јакупи, Влатко Сајкоски, Сашо Срцев, Анета Стефановска и Виолета Дума ) се произнесоа " ПРОТИВ " прифаќање на Приговорот .**

**Се констатира дека не е прифатен Приговорот за Општина Чучер Сандево за поништување и повторување на гласањето во ИМ во Општина Чичер Сандево.**

Гласање за Приговорот за Општина Струга за поништување и повторување на гласањето во ИМ во Општина Струга.Кој е "за" прифаќање на овој Приговор.

**1 Член на Државната изборна комисија ( Бедредин Ибраими )се произнесе " ЗА " прифаќање на Приговорот за Општина Струга за поништување и повторување на гласањето во ИМ во Општина Струга, 5 Членови на Државната изборна комисија ( Никола Рилкоски, М-р Субхи Јакупи, Влатко Сајкоски, Сашо Срцев и Виолета Дума ) се произнесоа " ПРОТИВ " прифаќање на Приговорот и 1 Член на Државната изборна комисија ( Анета Стефановска ) се произнесе " ВОЗДРЖАНА ".**

**Се констатира дека не е прифатен Приговорот за Општина Струга за поништување и повторување на гласањето во ИМ во Општина Струга.**

Точка 3:

**Разгледување и одлучување по Барањето од Македонска Обединителна Реформска Опција-Централно Демократска Унија (МОРО-ЦДУ )заведено во ДИК под бр.10-1996/1 и по Известувањето на Народно движење за Македонија (НДМ) заведено во ДИК под бр.10-1997/1 од 28.04.2014 год. и Барањето на ВМРО-Народна партија заведено во ДИК под бр.09-2024/1 од 29.04.2014 година;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека прво ќе се дискутира по **Барањето од Македонска Обединителна Реформска Опција-Централно Демократска Унија (МОРО-ЦДУ )заведено во ДИК под бр.10-1996/1 од 28.04.2014 год.** со кое бараат поништување на Парламентарните избори 2014 година.

За збор се јави Анета Стефановска, Член на ДИК,која кажа дека барањето на овој политички субјект е сосема неразбирливо и ненавремено односно од кога заврши изборниот процес. ДИК работи по Изборниот законик и нема повреда на членовите од овој законик .Името на коалицијата е Достоинство за Македонија. Сите учесници неколку пати имаа можност да реагираат за оваа наводна грешка но не реагираа ( на пр. кога е листата објавена на ВЕБ страната на ДИК веднаш по ждребањето ). На 84 – тата Седница ДИК утврди субјективитет со назив Достоинство за Македонија и тогаш поимот коалиција не бил ставен во името и не се реагирало. Реакцијата на МОРО-ЦДУ е ненавремена и неоснована.

За збор се јави Сашо Срцев, Член на ДИК кој кажа дека Македонска Обединителна Реформска Опција-Централно Демократска Унија (МОРО-ЦДУ) не е учесник во изборниот процес.

За збор се јави Бедредин Ибраими, Член на ДИК кој даде Предлог ДИК да го извести МОРО-ЦДУ дека немаат активна легитимација.

Никој друг не се јави за збор.Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски прво го стави на гласање Барањето од Македонска Обединителна Реформска Опција-Централно Демократска Унија (МОРО-ЦДУ )заведено во ДИК под бр.10-1996/1 од 28.04.2014 год.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа "ПРОТИВ" Барањето од Македонска Обединителна Реформска Опција-Централно Демократска Унија (МОРО-ЦДУ )заведено во ДИК под бр.10-1996/1 од 28.04.2014 год.**

Потоа Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски го стави на гласање Предлогот на Бедредин Ибраими ДИК да го извести МОРО-ЦДУ дека немаат активна легитимација.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа "ЗА" усвојување на Предлогот на Бедредин Ибраими, Член на ДИК, ДИК да го извести МОРО-ЦДУ дека немаат активна легитимација.**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски го прочита **Известувањето на Народно движење за Македонија (НДМ) заведено во ДИК под бр.10-1997/1 од 28.04.2014 год.** Накратко тие бараат да направат увид во изборниот материјал поради тоа што се до нив доставени информации дека 7120 неважечки гласачки ливчиња се однесуваат токму на листи на НДМ. Се работи за Известување а не за Приговор.

За збор се јави Бедредин Ибраими, Член на ДИК кој предложи и кажа дека како прво вршење увид во изборниот материјал во оваа фаза на избори не е дозволен, освен ако имало приговор, па да се отвори изборниот материјал.Од како ќе заврши изборниот процес изборниот материјал ќе послужи за научни истражувања и тогаш НДМ може да побара да изврши увид.Да се извести во оваа насока дека за наведеното во Известувањето нема доволно докази за отварање на изборниот материјал..

За збор се јави Анета Стефановска, Член на ДИК која кажа дека е ова Известување на НДМ, а НДМ сака да се претвори во паралелна ДИК. Известувањето е неосновано.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа да се одговори на НДМ со Известување дека нема доволно докази и основ за отварање на изборниот материјал.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски го прочита **Барањето на ВМРО-Народна партија заведено во ДИК под бр.09-2024/1 од 29.04.2014 година.** Да им се одговори дека ДИК на нашата ВЕБ страна има соопштение дека е при внес на податоци во компјутерскиот систем на Државната изборна комисија направена типографска грешка во полето 5 од Записникот на Општинската изборна комисија во кое се внесува статичкиот податок за вкупниот број на избирачи кои гласале.При споредба на внесените податоци во системот со Записникот на ОИК Аеродром е откриено дека во системот во полето 5 наместо податокот 43.818 внесен е податокот 63.818. Оваа грешка е корегирана. Ова нема влијание на резултатите во однос на мандатите на претставниците на партиите. Во однос на разликата за 104 ливчиња и тука се работи за грешка во збирот кој го вршеле одредени ОИК при

собирањето на важечки и неважечки ливчиња.И оваа грешка е утврдена и корегирана. На ниво на Република Македонија бројките се изнивелирани и нема сомнение дека има 104 гласачки ливчиња повеќе.

**Точка 4:**
**Разно**

По точката "Разно" за збор се јави Бедредин Ибраими, Член на ДИК во однос на помошните тела да се направат Одлуки за дополнување на Одлуките за помошните тела и на три лица да им се продолжи ангажманот, како за сите останати лица во помошните тела, до крајот на изборите, поради тоа што е направен пропуст.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски го задолжи Генералниот секретар на ДИК да се подготват овие Предлог Одлуки за наредна Седница.

Никој друг не се јави за збор. Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски констатира дека е дневниот ред исцрпен и ја затвори стотата Седница на ДИК. Се заблагодари на сите присутни.

Составен дел на Записникот од оваа Седница е аудио снимката на Седницата.

**100-тата седница на Државната изборна комисија заврши во 16:50 часот.**

**Број** 07-2042/2
02.05 **2014 година**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА**
**ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА,**
**Биљана Стојановска**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Никола Рилкоски**

**Изготвил: Зорица Петровиќ**